**Влада на Република Северна Македонија**

З А П И С Н И К
од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 20 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Тринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 октомври 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецевска, нотар.

На седницата не учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на записниците од 6-та, 7-та, 8-та, 9-та и 10-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 27 септември, 29 септември, 4 октомври, 6 октомври и 7 октомври 2020 година**

1. Записник од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 октомври 2020 година

2. Годишна сметка на ЈП за државни патишта за 2019 година и Извештај за работењето на ЈП за државни патишта за 2019 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки, со дополнување

3. Извештај за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија

4. Информација за реализација на активностите од Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП)

5. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности КП бр.6776/1 КО Свети Николе ДП 03-29/20

6. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка

7. Информација за добивање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2020 од 12.06.2020 година

8. Информација за назначување на контакт лице за Зелениот климатски фонд

9. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, на трајно користење на Министерството за финансии– Управата за имотно правни работи

10. Предлог - одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени

11. Предлог - решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции

12. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили

13. Предлог на закон за ратификација на Повелбата на Организацијата за црноморска економска соработка и на дополнувањето на Повелбата на Организацијата за црноморска економска соработка

14. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за привилегии и имунитети на Организацијата за црноморска економска соработка

15. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за статусот на Меѓународните воени команди воспоставени во согласност со Северноатлантскиот договор

16. Информација за новата Рамка за соработка за одржлив развој (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) на Обединетите Нации со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, со текст на Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година и Програми за земјата (Country Programmes) на УНДП, УНИЦЕФ и УНФПА за периодот 2021-2025 година

17. Информација во врска со трошоците кои настануваат при обезбедување на ВИП личности

18. Информација за потребата од натамошно уредување на областа воздухопловство со цел овозможување на вршење инспекциски надзор, контрола и лиценцирање на персоналот во воздухопловството во Министерството за внатрешни работи и на полициските воздухоплови од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство

19. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност

21. Информација во врска со спроведување онлајн состанок на министри за здравство за зајакнување на регионалната соработка во време на пандемијата Ковид - 19 во рамки на Берлинскиот процес

22. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање за безбедност на 5G технологии со Владата на Соединетите Американски Држави, со Нацрт-текст на Меморандум

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат

24. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за нефрологија – Струга

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје

27. Информација за исплата на пензии за октомври 2020 година

28. Иницијатива поднесена од адвокат Зоран Гичев од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 236/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) и одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2015)

29. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 22 став 1 и членот 69 од Законот за рамномерен регионален развој во делот „за регионален развој“ од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015 и 64/2018), поднесена од Игорчо Точев, од Кочани

30. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.261/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 14 алинеја 5 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018)

31. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.262/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 став (4) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18)

32. Иницијатива поднесена од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/2018)

33. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска

34. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1

35. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.953 за КО Бутел, КП бр.5047 викано место/улица Хо Ши Мин

36. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 22 октомври 2020 година, за КО Долно Лисиче – вонград

37. Кадровски прашања

38. Прашања и предлози

39. Извештај за финансиското работење на ЈП за државни патишта за периодот, април - јуни 2020 година

40. Тримесечен извештај за работењето на „Железници на Република Северна Македонија – Транспорт“ А.Д. – Скопје, за период од 1 април до 30 јуни 2020 година

41. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“

42. Информација во врска со услугите кои имаат карактер на парафискални давачки во надлежност на Министерството за транспорт и врски, а кои се мапирани во Експлоративната анализа на парафискални давачки за малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија

43. Информација во врска со спроведување онлајн Конференција на министри за внатрешни работи и онлајн состанок на Управна група за преземени обврски од областа на безбедноста во рамки на Берлинскиот процес

44. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година

45. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година

46. Информација за донесување на Решение за измена и дополнување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

47. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година

48. Информација за мислењето на Министерството за финансии за потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот и за обезбедувањето на финансиска гаранција за плаќање

49. Предлог-програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година

50. Информација за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост, со Предлог – одлука

51. Предлог на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година

52. Информација за реализација на проект „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА 2 Годишната програма на активности за Република Северна Македонија за 2020 година

53. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 6-та, 7-та, 8-та, 9-та и 10-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 27 септември, 29 септември, 4 октомври, 6 октомври и 7 октомври 2020 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 октомври 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, согласно кој се препорачува на целата државна и јавна администрација, општините и судовите, согласно принципот на работа и работниот процес, организирањето на работата да се одвива во смени, од далечина (дома), или пак, редуцирано со систем на ротации зависно од карактеристиките на работниот процес на институциите, имајќи го предвид Протоколот за превентивни мерки за сите работни места („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/20) и согласно ова:

- Се задолжуваат раководните лица на институциите да направат план и да организираат непречено одвивање на работниот процес, со тоа што сите вработени лица да бидат достапни на работодавецот за вршење на своите работни задачи за

време на работното време, преку комуникација со електронска пошта и други информатички алатки и софтвери.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, согласно кој се ограничува работното време на сите угостителски објекти до 23 часот, освен за угостителските објекти кои остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и сл.) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во насока капацитетот на патници во возилата на јавниот превоз да се ограничи на 50% од вкупниот капацитет на патници во возилото, согласно што се менува Протоколот за вршење на меѓуградски превоз - Прилог број 37, од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, согласно кој се забранува собирање во групи (групирање) на повеќе од четири лица на јавен простор по 22 часот, односно во паркови, јавни површини или било каде на отворен простор.

5. Го прифати Протоколот за постапување при полагање на стручен испит за наставници и стручни соработници од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Државниот испитен центар, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 2

Владата по Годишната сметка на ЈП за државни патишта за 2019 година и Извештајот за работењето на ЈП за државни патишта за 2019 година, со Ревизорски извештај и предлог-одлуки, со дополнувањето, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година (најновиот текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година (најновиот текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година (новиот текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го повлече од Дневниот ред Извештајот за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите од Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, во рок од 30 дена да го потпишат Договорот за размена на збирки на просторни податоци и услуги.

2. Се укажува на Сојузот на стопански комори, во рок од 30 дена да го потпише Договорот за размена на збирки на просторни податоци и услуги.

3. Се задолжуваат членките на Советот на НИПП, во рок од 2 месеци до Агенцијата за катастар на недвижности да достават информации за реализација на тековните НИПП активности наведени во табелата која е дадена во прилог на оваа информација.

4. Се задолжуваат членките на Советот на НИПП, во рок од 6 месеци на националниот НИПП геопортал да ги објават и стават на располагање податоците кои се во нивна надлежност.

5. Се задолжуваат членките на Советот на НИПП, во рамките на своите годишни буџети за 2021 година да предвидат финансиски средства за објавување на податоците кои се во нивна надлежност на националниот НИПП гео-геопортал.

6. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 6 месеци до Владата на Република Северна Македонија да достави извештај за податоците објавени на националниот НИПП геопортал од страна на субјектите во НИПП.

7. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 30 дена да изготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци и да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипунова, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2020 од 12.06.2020 година (нов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со понудувачот Акционерско друштво АД „Агролозар“, с. Хамзали Босилово (нов текст) во предложениот текст;

2. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги „Да-Буено“, ДООЕЛ, Штип (нов текст) во предложениот текст;

3. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со понудувачот Друштво за производство и трговија ДПТ „Хортена“, ДОО, увоз-извоз, Струмица (нов текст), во предложениот текст и

4. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со понудувачот Друштво за одгледување, производство, трговија и услуги

„МКК Капитал Гроуп“ ДОО увоз-извоз Кривогаштани (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за назначување на контакт лице за Зелениот климатски фонд, поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за животна средина и просторно планирање и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, на трајно користење на Министерството за финансии– Управата за имотно правни работи, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, и имајќи ги предвид усно изнесените позитивни мислења од д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, со заклучок истата да се усогласи со Фамир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги достават до Владата во пишана форма позитивните мислења по одлуката, имајќи предвид дека претходно дадените мислења се повлечени.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции и го донесе Решението за дополнување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со

заклучок предлагачот текстот на истото да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу страните на Северноатлантскиот договор за статусот на нивните сили, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Марина Николовска, раководител на сектор во Министерството за одбрана и Тони Павловски, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Повелбата на Организацијата за црноморска економска соработка и на дополнувањето на Повелбата на Организацијата за црноморска економска соработка, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници, Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за привилегии и имунитети на Организацијата за црноморска економска соработка, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на Закон за ратификација на Протоколот за статусот на Меѓународните воени команди воспоставени во согласност со

Северноатлантскиот договор, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и Тони Павловски, директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за новата Рамка за соработка за одржлив развој (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) на Обединетите Нации со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, со текст на Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година и Програми за земјата (Country Programmes) на УНДП, УНИЦЕФ и УНФПА за периодот 2021-2025 година, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Владата условно го прифати текстот на новата Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година и новите Програми за земјата (Country Programmes) на УНДП, УНИЦЕФ и УНФПА за периодот 2021-2025 година, доколку министерот за надворешни работи и заменикот на министерот за надворешни работи одржат состанок со резидентниот координатор на Обединетите нации во насока на усогласување на наративниот дел од Рамката.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата за европски прашања, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 7 дена од денот на усвојувањето на оваа информација до Министерството за надворешни работи да достават номинации за членови во Заедничкиот управен комитет помеѓу Република Северна Македонија и Обединетите нации на принцип на ротација.

3. Се овластува министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, д-р Бујар Османи да ја потпише новата Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја извести Канцеларијата на резидентниот координатор на Обединетите нации во Република

Северна Македонија за членовите од македонска страна во Заедничкиот управен комитет во рок од 5 дена од потпишувањето на новата Рамка за соработка за одржлив развој на Обединетите нации (UN Sustainable Development Cooperation Framework-UNSDCF) со Република Северна Македонија за периодот 2021-2025.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи, по усвојувањето на Рамката за проценка на успешноста која во рамките на секторските работни групи ја координира Секретаријатот за европски прашања, во координација со Резидентната канцеларија на Обединетите Нации и надлежните институции да започне процес за ревизија на Рамката за соработка за одржлив развој и нејзино усогласување по индикатори и таргети со Рамката за проценка на успешноста.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со трошоците кои настануваат при обезбедување на ВИП личности и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Трошоците за возилата во сопственост на Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на гориво, патарини, тековно одржување, поправки и други трошоци во Република Северна Македонија, а се користат при обезбедување на личности согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување, се на товар на Министерството за внатрешни работи.

2. Трошоците за возилата во сопственост на Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на гориво, патарини, тековно одржување, поправки и други трошоци во Република Северна Македонија, а се користат при обезбедување на поранешните претседатели на државата, се на товар на Министерството за внатрешни работи.

3. Трошоците за сместување и исхрана на полициските службеници кои настануваат при обезбедување во Република Северна Македонија се на товар на буџетските корисници, кои користат обезбедување од Министерството за внатрешни работи, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

4. Трошоците за сместување и исхрана на полициските службеници кои настануваат при обезбедување во Република Северна Македонија се на товар на кабинетите на поранешните претседатели на државата, кои користат обезбедување од Министерството за внатрешни работи, согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

5. Целокупните трошоци кои настануваат при обезбедување на личности во странство (вклучувајќи ги и дневниците за полициските службеници) се на товар на буџетските корисници, кои користат обезбедување од Министерството за внатрешни работи согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

6. Целокупните трошоци кои настануваат при обезбедување на поранешните претседатели на државата во странство (вклучувајќи ги и дневниците за полициските службеници) се на товар на кабинетите на поранешните претседатели на државата, кои користат обезбедување од Министерството за внатрешни работи согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

7. Трошоците за сместување и исхрана на полициските службеници во Република Северна Македонија, ангажирани за обезбедување на странски делегации и манифестации кои се одржуваат на територијата на Република Северна Македонија (согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување), се на товар на Министерството за внатрешни работи, доколку од страна на организаторот на настанот не е поинаку определено.

8. За претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на кој му престанала функцијата, кој согласно член 14-а од Законот за Владата на Република Македонија има право на обезбедување, целокупните трошоци кои произлегуваат од користење на обезбедувањето од Министерството за внатрешни работи во земјата и странство се на товар на Министерството за внатрешни работи, од причина што истиот не е буџетски корисник.

9. За сопругата и семејството на починатиот Претседател на државата Борис Трајковски, кои користат обезбедување од Министерството за внатрешни работи, целокупните трошоци кои произлегуваат од користење на обезбедување од Министерството за внатрешни работи во земјата и странство се на товар на Министерството за внатрешни работи, од причина што истата не е буџетски корисник.

10. За личностите кои не се буџетски корисници, а со решение на министерот за внатрешни работи им се определени мерки и активности за обезбедување согласно Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување, целокупните трошоци кои произлегуваат од користење на обезбедување од Министерството за внатрешни работи во земјата се на товар на Министерството за внатрешни работи, додека трошоците за користење на обезбедување од Министерството за внатрешни работи во странство - само при официјална посета на личноста која се обезбедува.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од натамошно уредување на областа воздухопловство со цел овозможување на вршење инспекциски надзор, контрола и лиценцирање на персоналот во воздухопловството во Министерството за внатрешни работи и на полициските воздухоплови од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а ѝ се укажува на Агенцијата за цивилно воздухопловство, во рок од три дена од усвојувањето на оваа

информација, до Министерството за внатрешни работи да достават номинација на двајца свои претставници за членови во меѓуресорската работна група.

2. Се задолжува министерот за внатрешни работи, во рок од три дена од денот на добивањето на номинациите, да формира меѓуресорска работна група за изготвување на анализа на постојната нормативна и фактичка состојба, со предлог на можни решенија за соодветни измени и дополнувања на Законот за воздухопловство, составена од претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник Марјанчо Тодоровски, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 20

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност, по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување онлајн состанок на министри за здравство за зајакнување на регионалната соработка во време на пандемијата КОВИД - 19 во рамки на Берлинскиот процес и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Владата ќе ја овозможи бараната техничка поддршка поврзана со одржувањето на онлајн состанокот на министри за здравство во рамки на Берлинскиот процес, како и користењето на просториите на Владата на Република Северна Македонија за истата цел.

2. Го определи д-р Ванчо Узунов, советник за економски прашања на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за контакт лице, со цел понатамошна координација со Министерството за здравство во организирањето и спроведувањето на онлајн состанокот на министри за здравство во рамки на Берлинскиот процес.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање за безбедност на 5G технологии со Владата на Соединетите Американски Држави, со Нацрт-текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање за безбедност на 5G технологии со Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Меморандумот за разбирање за безбедност на 5G технологии како основа за водење на постапка за негово усогласување.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од седум дена од усвојувањето на оваа информација, да ја започне постапката за взаемно усогласување на Меморандумот за разбирање за безбедност на 5G технологии.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 14 дена по завршувањето на усогласувањето на текстот на Меморандумот за разбирање за безбедност на 5G технологии, до Владата да поднесе писмен извештај за завршеното усогласување.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство да подготват листа на закони, кои треба да бидат изменети и дополнети, во кои соодветно треба да бидат имплементирани одредбите со кои се регулираат 5G технологиите, како и да се задолжат институциите соодветно да ги имплементираат законите и подзаконските акти од нивна надлежност, во кои ќе биде опфатена предметната регулатива.

## Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за нефрологија – Струга (5 апарати за хемодијализа), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје (5 апарати за хемодијализа), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје (5 апарати за хемодијализа) во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за исплата на пензии за октомври  2020 година, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 26.10.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите со октомвриските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.10.2020 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- Во вторник, на 27.10.2020 година исплата на пензии со висина до 11.000 денари;

- Во среда, на 28.10.2020 година исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;

- Во четврток, на 29.10.2020 година исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;

- Во петок, на 30.10.2020 година исплата на пензии во висина над 18.000 денари.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од адвокат Зоран Гичев од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 236/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) и одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2015) и притоа го утврди следното мислење:

По разгледување на предметната Иницијатива и истакнатите наводи во истата се укажува дека не постојат основни за противуставност на материјалните одредби од член 51 став (1) алинеја 5 во целост, член 51 став (1) алинеја 6 во целост, член 75 став (1) алинеја 5 во целост, алинеја 11 во дел (80 % од вкупната сума од отуѓувањето односно давањето под долготраен закуп не се враќаат на купувачот, односно закупецот), член 76 став (7) во целост, став (8) и (9) во делот каде е наведено – при што 80 % од вкупната сума од отуѓувањето односно давањето под долготраен закуп не се враќаат на купувачот, од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), додека истакнатите наводи се општи и правно неиздржани.

Подносителот на Иницијативата за оспорените одредби од член 51 став (1) алинеја 5 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019), се повикува на материјалните одредби од член 9 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), но без да ги земе во предвид материјалните одредби од член 7 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), со кои е дефинирано дека „Градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, во сопственост на, јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со овој и друг закон“, како и материјалните одредби од Глава II (Права на градежно земјиште) потточка 3 (Права на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија) член 13 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), со кои е дефинирано дека „Градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост и на него да се востановат други стварни права, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон“. Врз основа на наведените одредби конкретно се дава законски основ, постапките за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да бидат регулирани на начин и услови предвидени со Законот за градежно земјиште како lex specialis, при што со одредбите од член 51 став (1) алинеи 5 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), конкретно е предвидено дека „Објавата за отуѓување, односно за давање под долготраен закуп

на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија задолжително содржи: (алинеја 5) податок дека неисполнување на обврските од член 75 став (1) точката 7) од овој закон, односно по паѓање на купувачот, односно закупецот во задоцнување со исполнување на обврската три месеци последователно, претставува основ отуѓувачот, односно закуподавачот, по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорената казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето, односно давањето под долготраен закуп, не му се враќаат на купувачот, односно закупецот, (алинеја 6) обврска на купувачот за плаќање на данок на промет и нотарски трошоци во случај на раскинување на договор по вина на купувачот.", при што во целост е испочитувано начелото на транспарентност, односно преку јавната објава за отуѓување или давање на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање, јавно се објавуваат договорните обврски кои е потребно да бидат исполнети од страна на најповолниот понудувач (кои обврски претставуваат задолжителни одредби во договорите за купопродажба или доделување на право на долготраен закуп), а врз основа на тоа однапред се овозможува целосна запознаеност на секој иден купувач на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање, како и се овозможува целосна усогласеност на податоците од јавната објава со задолжителните одредби кои што е потребно да ги содржи договорите за купопродажба или доделување на право на долготраен закуп, при што се обезбедува поголем степен на правна сигурност и владеење на правото во процесот на отуѓување или давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање.

Исто така, подносителот на Иницијативата неосновано ги оспорува материјалните одредби од член 51 став (1) алинеја 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019), при тоа повикувајќи се на материјалните одредби од член 7 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) со кои е предвидено дека „Даночната обврска за данокот на имот настанува со денот на стекнувањето на имотот, издавањето на одобрение за употреба на недвижниот имот од надлежен орган или од денот на отпочнување на користењето на имотот од обврзникот на данокот", од причина што подносителот на Иницијативата не направил разлика помеѓу данок на имот и данок на промет, односно не земал во предвид дека со оспорените одредби од член 51 став (1) алинеја 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019), се укажува на обврска на купувачот за плаќање на данок на промет, а не данок на имот, како и воопшто не ги земал во предвид материјалните одредби од член 20 став (2) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) со кои е предвидено дека „По исклучок од ставот (1) на овој член, обврзник на данокот на промет на недвижности може да

биде правно лице и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста, е договорено данокот да го плати купувачот", односно подносителот на иницијативата не земал во предвид дека оспорените одредби (член 51 став (1) алинеја 6) се во целосна усогласеност со материјалните одредби од член 20 став (2) Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016).

Исто така наводите на подносителот на Иницијативата за „неоправданост на предвидените одредби за плаќање на нотарски трошоци по вина на купувачите, како и наводите дека не постои оправданост да се наметнува обврска за плаќање на нотарски трошоци во случај на раскинување на договор кога раскинатиот договор не се солемнизира", во поглед на материјалните одредби од член 75 став (1) точка 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) се паушални, правно неиздржани и неаргументирани, односно подносителот на инцијативата не земал во предвид дека нотарските трошоци произлегуваат од постапката за солемнизација на спогодба за раскинување на договор само во случај кога се врши спогодбено раскинување на договор кој што претходно бил солемнизиран и по истиот било извршено запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, односно подносителот на иницијативата не земал во предвид дека законодавецот со оспорените одредби конкретно дефинирал во кој случај е потребно купувачот да плати нотарски трошоци, односно само во случај на постоење на вина кај купувачот, а тоа подразбира купувачот да изрази волја за спогодбено раскинување на договорот (пред исполнување на договорните обврски во поглед на прибавување на одобрение за градење и изградба на објект) преку склучување на спогодба (која спогодба потребно е да биде солемнизирана кај овластен нотар) со која спогодбено ќе се раскине договорот кој што претходно бил солемнизиран кај овластен нотар и запишан во јавната книга за запишување на правата на недвижностите во Агенцијата за катастар на недвижности, при што оспорените одредби се во целосна согласност со материјалните одредби од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2001, 78/2001, 4/2002, 59/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009 и 161/2009).

Согласно наведеното, неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека предметните одредби не се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, односно напротив Законодавецот при донесување на Законот за градежно земјиште во целост ги имал во предвид одредбите од Законот за даноците на имот и Законот за облигационите односи, при што е обезбедено владеење на правото и слободата на пазарот на претприемништвото.

Во поглед на Иницијативата за неуставност на материјалните одредби од член 75 став (1) точка 11, член 76 став (7), (8) и (9) член 77 став (6) и (7) и член 78 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) се укажува дека истакнатите наводи на подносителот на Иницијативата не претставуваат основ за поништување на

наведените материјални одредби од причина што истите се паушални и правно неосновани без доволно аргументи, односно подносителот на Иницијативата не извршил разграничување на постапките и правните ситуации кога се применуваат одредбите за задржување на 80 % од купопродажната сума и кога се применуваат одредбите за примена на договорни казни.

Имено начинот, постапката и условите за управување и располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, се регулираат со Законот за градежно земјиште како lex specialis, се со цел овозможување на реализација на важечки урбанистички планови, чие спроведување согласно материјалните одредби од член 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016) претставува работи од јавен интерес, а согласно тоа законодавецот со Законот за градежно земјиште предвидел конкретни и прецизни одредби кои се битни во обезбедувања на остварувањето на јавниот интерес, при што согласно материјалните одредби од член 76 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/15, 226/15, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), конкретно е предвидено дека „По доставување на доказ за извршена уплата на данок на промет на недвижности, купувачот во рок од 30 дена договорот електронски го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Купувачот, односно закупецот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар“, ваквото дефинирање на обврската за купувачот, произлегува од потребата за спроведување на постапка за солемнизација на договорот (од која зависи започнување на засметување на роковите за прибавување на одобрение за градење и изградба на предвидениот објект согласно урбанистичкиот план по кој било извршено отуѓувањето/доделувањето на правото на долготраен закуп), како и потребата од завршување на постапката по претходно заведено барање, при што законодавецот во целост ја имал во предвид едноставноста на можност за доставување на предметниот договор кај нотар за вршење на солемнизација, преку користење на електронскиот систем (www.gradezno-zemjiste.mk) со издавање на проста команда-избор на нотар од страна на купувачот, кој како странка во постапката сите процесни дејства ги врши преку електронскиот систем во електронска форма, а сето тоа во согласност со материјалните одредби од член 46 став 11 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) со кои е предвидено дека „Постапките за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп, давање на право на трајно користење, пренесување на право на сопственост, засновање на право на стварна службеност и склучување на договори за отуѓување и договори за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се спроведуваат во електронска форма, преку информациски систем“.

Во насока на обезбедување на извршување на предвидената законска обврска за доставување на договорите за купопродажба и доделување на закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кај овластен нотар за спроведување на постапка за солемнизација, законодавецот со материјалните одредби од член 75 став (1) точка 11 од Законот за градежно земјиште („Службен

весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), предвидел договорите да содржат одредба дека „во случај на раскинување на договорите заради неисполнување на обврските во договорот од страна на купувачот, 80% од вкупната сума од отуѓувањето, односно давањето под долготраен закуп не се враќаат на купувачот, односно закупецот“, додека согласно материјалните одредби од член 76 став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) предвидел дека „Неисполнување на обврските од ставовите (1) и (2) на овој член по вина на купувачот, односно закупецот, претставуваат основ за еднострано раскинување на договорот при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето, односно давањето под долготраен закуп не се враќаат на купувачот, односно закупецот“. Со тоа конкретно е дефинирано дека само кога по вина на купувачот односно закупецот, се врши еднострано раскинување на договорот, 80% од вкупната сума од отуѓувањето/давањето под долготраен закуп не се враќаат. Имено законодавецот во целост имал во предвид дека целокупната постапка за отуѓување или доделување на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се спроведува преку електронскиот систем (www.gradezno-zemjiste.mk) во кој се преземаат повеќе процесни дејства од страна на јавните органи, при што со цел заштита на купувачот/закупецот од неможност на исполнување на законски предвидените обврски поради нефункционалност на електронскиот систем (www.gradezno-zemjiste.mk) или други технички пречки поврзани со истиот, како и поради други процесни дејствија преземени од страна на јавните органи на кои не може да влијае купувачот, предвидел едностраното раскинување на договорите да се врши само во случај на постоење на вина кај купувачот односно закупецот. Во оваа смисла наводите на подносителот на Иницијативата во однос на тоа дека одредбите од член 76 став (7) се нејасни и остава простор за правна несигурност во прометот, се неиздржани и паушални, со оглед дека со цитираните одредби се дава поголема правна сигурност за купувачот или закупецот од раскинување и задржување на средства во случај да не постои вина кај истите.

Во поглед на наводите од Иницијативата со кои се оспоруваат материјалните одредби од член 78 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, број 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), се укажува дека истите се неосновани, од причина што согласно оспорените одредби (член 78 став (1)) е предвидено дека „Едностраното раскинување на договорот во случаите од членот 76 став (7) од овој закон се врши со еднострана писмена изјава на волја на отуѓувачот, при што нема да се пристапи кон солемнизација и договорот не произведува правно дејство во иднина“, а со вака дефинираните одредби законодавецот конкретно предвидел на кој начин и со каков акт се врши раскинувањето на договорите, а сето тоа во насока на поголема правна сигурност и владеење на правото.

Согласно сето погоре наведеното се укажува дека наводите на подносителот на Иницијативата се неиздржани од причина што подносителот на Иницијативата не направил соодветна разлика помеѓу градежно земјиште во сопственост на физички

и правни лица, градежно земјиште во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, а врз основа на тоа не земал во предвид дека постапките за располагање со недвижен имот-градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија се законски регулирана со Законот за градежно земјиште како lex specialis, на тој начин што законодавецот во целост ги дефинирал сите процесни дејства, и го заштитил јавниот интерес во случај на раскинување на договор по вина на купувачот, истиот да го плати данокот на промет, имајќи ги во предвид поволностите кои ги користел за да може да го склучи договорот и при склучувањето како и плаќањето на данокот на промет од страна на продавачот согласно член 20 став 1 од Законот за даноците на имот.

Со оглед на сето горе наведено, се укажува дека оспорените членови од Законот за градежното земјиште се во согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 6 и 11 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијатива за оценување на уставноста на членовите 51 став 1 алинеи 5 и 6, 75 став 1 алинеи 5 и 11, 76 ставови 7, 8 и 9 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.279/2019) и членовите 77 ставови 6 и 7 и 78 став 1 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 22 став 1 и членот 69 од Законот за рамномерен регионален развој во делот „за регионален развој“ од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015 и 64/2018), поднесена од Игорчо Точев, од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Уставот на Република Северна Македонија, во Главата I. Основни одредби, член 8, ставот (1) алинеја 3, определува дека една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото. Според членот 51 од Уставот „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.“.

Согласно членот 95 став (1) и (3) од Уставот „Државната управа ја сочинуваат министерствата и другите органи на управата и организации утврдени со закон. Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници.“.

Според членот 96 од Уставот „Органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на уставот и законите и за својата работа се одговорни пред Владата.“.

Законот за организација и работа на органите на државната управа како системски закон ја утврдува организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа.“.

Согласно членот 2 од овој закон „Органите на државната управа, како дел од извршната власт, се основаат во областите и подрачјата кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.“.

Според членот 5 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот „Органите на државната управа, можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации. Министерствата се основаат за вршење на функциите на државната управа групирани по области за еден или повеќе сродни управни ресори. Другите органи на државната управа според видот на организацијата и степенот на самостојноста можат да се основаат како самостојни органи на државната управа (дирекции, архив, совет, агенции и комисии) или како органи во состав на министерствата (управа, биро, служба, инспекторат и капетанија). Органите во состав на министерствата можат да се основаат за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството.“.

Согласно членовите 7 и 8 од овој закон „Органите на државната управа, освен министерствата, можат да се основаат, укинуваат и нивната надлежност да се утврдува со закон. На одделни органи на државната управа, со законот со кој се основаат може да им се определи својство на правно лице.“.

Министерствата како органи на државна управа за вршење на функциите на државата се основаат со овој закон.

Во членот 25 од Законот се определени работите за чиешто вршење е надлежно Министерството за локална самоуправа, и тоа:

- следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа;
- следењето на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа;
- предлагањето на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја;
- остварувањето и користењето на средствата наменети за стопански недоволно развиените подрачја;
- надзорот од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон.

Во составот на Министерството за локална самоуправа се:
- Државниот инспекторат за локална самоуправа и
- Бирото за стопански недоволно развиените подрачја.

Бирото за стопански недоволно развиените подрачја има својство на правно лице.

Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.63/07,187/13, 43/14, 215/15, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/20) ги утврдува целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.

Законот е донесен како обврска на Република Северна Македонија, преземена со поднесувањето на апликацијата за членство на Република Северна Македонија во Европска Унија и натамошните фази на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји-членки, согласно која беше обврзана нашата држава да донесе Закон за регионален развој кој ќе се однесува и применува на територијата на целата држава, наместо Законот за стопански недоволно развиените подрачја, кој се применуваше само на 65% од територијата.

Согласно членот 22 став (1) од овој закон „Бирото за регионален развој (во натамошниот текст: Бирото) е орган во состав на Министерството за локална самоуправа, со својство на правно лице.".

Надлежностите на Бирото да врши работи од областа на регионалниот развој се утврдени во членот 23 од овој закон.

Според членот 69 од Законот „Од денот на почнувањето на примената на овој закон Бирото за стопански недоволно развиените подрачја продолжува да работи како Биро за регионален развој.".

Имајќи ја предвид наведената законска регулатива, јасно произлегува дека Министерството за локална самоуправа е основано согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа заради вршење на функцијата на државата која се однесува, меѓу другото и на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

Основањето на Бирото за регионален развој е во целосна согласност со членот 7 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, во кој експлицитно е наведено дека органите на државната управа, освен министерствата, можат да се основаат, укинуваат и нивната надлежност да се утврдува со закон.

Ова значи дека органите на државна управа може да се основаат, да се укинуваат и нивната надлежност да се утврдува со посебни закони. Законодавецот ова правило го ограничил да не важи само за министерствата, кои како органи на државна управа може да се основаат, укинуваат и нивната надлежност да се утврдува само во Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Од тие причини, се смета дека се неосновани наводите на подносителот на Иницијативата, во кои е наведено дека од Законот за организација и работа на

органите на државната управа не се препознава Бирото за регионален развој, како орган во состав на Министерството за локална самоуправа, како и дека со законот со кој подетално се разработува организацијата и степенот на самостојност на органот во состав на министерството не можело да се доделуваат називи на органи кои не корелираат со она што законодавецот го пропишал со генерален закон, односно со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Воедно, се напомнува дека во дописот доставен од Уставниот суд е направена техничка грешка, во делот на „член 25 ставови 2 и 3 од Законот за рамномерен регионален развој" за кој член е наведено дека се поднесува иницијатива на оценка на неговата уставност.

Од самата Иницијатива, евидентно е дека подносителот, наместо членот 25 ставови 2 и 3 од Законот за рамномерен регионален развој го оспорува членот 69 од Законот за рамномерен регионален развој. Од тие причини, не се дава мислење по однос на уставноста на членот 25 ставови 2 и 3 од Законот за рамномерен регионален развој.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека одредбите од членот 22 став 1 и членот 69 од Законот за рамномерен регионален развој во делот „за регионален развој" се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 22 став 1 и членот 69 во делот „за регионален развој" од Законот за рамномерен регионален развој.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.261/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 14 алинеја 5 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на иницијативата за оценување на уставноста, смета дека член 14 алинеја 5 од Законот за судска служба е во спротивност на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе иницијатива за оценување на уставноста на горенаведената одредба од Законот за судска служба. Со тоа, подносителот на иницијативата смета дека со оспорената одредба се повредува начелото на владеење на правото и обврската за усогласеност на законите со Уставот и сите други прописи со Уставот и со закон.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, во март 2014 година донесен е посебен Закон за судска служба, како lexspecijalis, со кој системски и конзистентно се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници. Поаѓајќи од законската рамка на Законот за административни службеници, а сепак имајќи ги во предвид специфичностите на работите кои ги извршуваат судските службеници, истите имаат статус на

административни службеници, но за нив важи исклучокот определени прашања во врска со работниот однос, во целост или делумно да можат да бидат уредени со закон и колективен договор на различен начин.

Во член 13 од Законот за судска служба е утврдено дека заради остварување и заштита на правата на судската служба се формира Совет на судска служба, кој го сочинуваат 11 члена-судски администратори, а седиштето на Советот е во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Во членот 14 од Законот за судска служба е утврдена надлежноста на Советот на судска служба, при што Советот ги врши следните работи:
- одлучува во втор степен по жалби и приговори поднесени против одлука на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор, за прием и престанок на работен однос во судската служба,
-одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки на судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не се избира судски администратор од делокругот на неговото работење,
- одлучува во втор степен во дисциплинските постапки,
- одлучува во втор степен по жалби и приговори на одлуки за остварување права од работен однос на вработени во судската служба и
- дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

Подносителот на иницијативата ја оспорува уставноста на алинејата 5 од членот 14 од Законот за судска служба, односно надлежноста на Советот на судска служба да дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите, при тоа неосновано повикувајќи се на Законот за буџетите и на Судскиот деловник.

Подносителот при оспорувањето на оваа одредба неосновано се повикува на нејзина неусогласеност со член 51 став (6) од Законот за буџетите. Во членот 51 став (6) од Законот за буџетите е утврдено дека за обезбедени средства за вработувања на државни службеници, Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација. Во иницијативата се цитира членот 51 став (6) од Законот за буџетите, во кој предмет на уредување воопшто не е давање согласност на актите за внатрешна организација и систематизација, туку давање согласност од страна на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на државни службеници, не на судски службеници. По однос на давањето мислење на актите за систематизација, согласно член 7 став (1) точка 5) од Законот за административни службеници, Министерството за информатичко општество и администрација е надлежно за давање согласност за актите за систематизација на работните места во институциите, во делот на усогласеноста на описите на работните места на административни службеници со Законот за административни службеници. Со оглед на тоа, Министерството за информатичко општество и администрација нема надлежност да дава мислење по актите за систематизација на судовите, односно не постапува по Законот за судска служба.

Исто така, неосновано е повикувањето од страна на подносителот на иницијативата на Судскиот деловник. Имено, подносителот на иницијативата наведува дека внатрешната организација на судовите е утврдена во Судскиот деловник. Со Судскиот деловник се уредуваат внатрешната организација на судовите, водењето на евиденција на предметите, водењето на уписниците и другите помошни книги и книги на евиденција, постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународна правна помош и постапувањето по претставките и предлозите, повикувањето и распоредувањето на судиите-поротници, поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица, водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите, правилата за односи со јавноста, посебните ознаки на судските возила, информатичкиот систем во судовите, аудиовизуелно снимање на расправа, како и други прашања од значење за работата на судовите. Меѓутоа, Судскиот деловник претставува само рамка кои организациони облици можат да се формираат во судовите. При што, во самиот Деловник е утврдено дека формирањето на определени организациони облици зависи од видот и обемот на работа на судот. Од овие причини, со актите за внатрешна организација на судовите конкретно се утврдува видот и бројот на организационите единици, нивната надлежност и делокруг на работа во секој суд поединечно.

Од друга страна, со правилник за систематизација на работни места се пропишува вкупниот број на работни места потребни за извршување на надлежностите на судот, распоредот на работните места по организациони облици, називите и описот на работните места и посебните услови потребни за извршување на работите и задачите на одделните работни места. Тоа значи дека она што е предмет на уредување на правилник на систематизација на работни места во суд, воопшто не е предмет на уредување на Судскиот деловник.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото, а членот 51 утврдува дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Сметаме дека оспорената одредба од Законот за судска служба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, особено не по основот кој е наведен во поднесената иницијатива. Имено, јасно е дека Судскиот деловник не ја уредува организационата поставеност и систематизацијата на работните места на секој суд поединечно, туку само дава насоки кои организациони облици можат да се формираат, систематизацијата на работни места воопшто не предмет на уредување на Судскиот деловник. Од друга страна, погрешно е повикувањето дека Министерството за информатичко општество и администрација е надлежно за давање согласност на актите за систематизација на судовите. Од погоре цитираната одредба од член 7 став (1) точка 5) од Законот за административни службеници, Министерството за информатичко општество и администрација е надлежно за давање согласност само за актите за систематизација на работните места во институциите, во делот на усогласеноста на описите на работните места на административни службеници со Законот за административни службеници. Со оглед на тоа, не може да стане збор за несигурност, двосмисленост и колизија на норми.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 14 алинеја 5 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и укажува дека иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на истите.

## Точка 31

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.262/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 став (4) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, смета дека член 67 став (4) од Законот за судска служба е во спротивност на член 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 32 став 5 од Уставот на Република Северна Македонија и предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе иницијатива за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот за судска служба. Со тоа, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорената одредба се повредува начелото на владеење на правото, усогласеност на законите со Уставот и сите други прописи со Уставот и со закон, како и еднаквоста на граѓаните на Република Северна Македонија пред Уставот и законот.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, во март 2014 година донесен е посебен Закон за судска служба, како lexspecijalis, со кој системски и конзистентно се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници.

Согласно член 3 став (1) од Законот за судска служба, судските службеници се лица со статус на административен службеник кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко - аналитички и материјално - финансиски работи во согласност со овој и друг закон. Во ставот (2) од истиот член е утврдено дека лицата вработени во судовите кои вршат помошни и технички работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

Платите и надоместоците на плати на судските службеници се уредени во Глава X од Законот за судска служба, во членовите од 65 до 78. Во членот 66 од Законот за судска служба е утврдено дека платата на судскиот службеник се состои од основна компонента и исклучителна компонента. Во член 67 став (2) е утврдено вреднувањето на делот на платата за степенот на образование кое го стекнал судскиот службеник, а во ставот (3) вреднувањето на додатокот на плата за звање. Во оспорената одредба од член 67 став (4) е утврдено дека работното искуство на судскиот службеник се вреднува во износ од 0,5% во делот на основната плата со која

се вреднува образованието и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно член 13 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/08) основната плата се определува врз основа на барањата на работното место (видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка и стекнатите звања и вештини). Во членот 18 од Општиот колективен договор во јавниот сектор е утврдено дека основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Во членот 9 од Уставот е утврдено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Со оспорената законска одредба не се врши дискриминација на граѓаните по било која од основите наведени во членот 9 од Уставот на Република Македонија, така да истата не може да биде правен основ за оценување на уставноста на оспорениот член.

Во член 32 став 5 од Уставот е утврдено дека правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Се смета дека со оспорената законска одредба не се врши дискриминација на граѓаните по било која од основите наведени во членот 9 од Уставот на Република Македонија, така да истата не може да биде правен основ за оценување на уставноста на оспорениот член, а исто така не е повредено ни владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.

Имено, доколку се спореди оспорената одредба од член 67 став (4) од Законот за судска служба и членот 18 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, очигледно е дека во поглед на начинот на пресметување и вреднување на минатиот труд на вработените кои имаат статус на судски службеници и на оние кои вршат помошни и технички работи нема разлика. Односно, истиот се исплатува и кај судските службеници и кај лицата вработени во судовите кои вршат помошни и технички работи, на основната плата, односно на целата плата. Нејасен е наводот на подносителот на Иницијативата во кој се повикува на член 69 од Законот за судска служба, во кој е уредена исклучителната компонента на плата, со оглед дека истата се состои од додатоци на плата кои се однесуваат на приспособување на пазарот на трудот и на прекувремена работа и истата не претставува основица за зголемување од 0,5% за секоја навршена година работен стаж.

Во поглед на повикувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.206/2008 од 23.12.2009 година, нејасни се причините поради кои подносителот на Иницијативата се повикува на истата. Имено, со наведената одлука Уставниот суд го укинал член 41 став (3) од Законот за судска служба („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 98/08, 161/08, 6/09 и 150/2010) од причина што судските службеници биле доведени во понеповолна состојба при вреднувањето на работното искуство со другите вработени. Од овие причини Уставниот суд во точката 5 од Одлуката навел дека членот 41 став (3) од тогашниот Закон за судска служба создава нееднаквост од причина што основица за пресметување на работното искуство на судските службеници претставува основната плата, односно само делот за степен на образование, а на другите вработени во јавниот сектор, согласно член 18 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, основица за пресметување на работното искуство е основната плата составена од образование и работно искуство.

Со оглед дека со Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) на судските службеници работното искуство се вреднува во износ од 0,5% во делот на основната плата со која се вреднува образованието и додатокот на плата за звање, односно на целата плата, исто како и на другите вработени во јавниот сектор, не постои нееднаквост во вреднувањето на работното искуство.

Врз основа на изнесеното, се смета дека оспорената одредба од член 67 став (4) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на истите.

## Точка 32

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.97/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Исклучително е значајно при анализирањето на пензискиот систем да се напомене дека истиот, согласно својата архитектура и дизајн е повеќестолбен односно системот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е сложен систем на интегрирани и меѓусебно поврзани столбови, кои ги опфаќаат сите пензиски осигуреници. Конкретно, првиот и вториот пензиски столб претставуваат комплементарни и составни делови на единствен систем на задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Првиот пензиски столб се заснoвува на моделот на тековно финансирање и генерациска солидарност, принцип на дефинирани пензии, односно пензијата се пресметува врз основа на однапред дефинирана формула. За разлика од тоа, вториот пензиски столб се карактеризира со моделот на дефинирани придонеси, односно средствата од уплатениот придонес, преку моделот на отворени пензиски фондови се капитализираат преку нивно инвестирање и висината на тој дел од пензијата зависи од акумулацијата на индивидуалната сметка на членот во задолжителниот пензиски фонд. Третиот столб претставува модел на доброволно пензиско осигурување, базиран на моделот

на дефинирани придонеси на осигурениците, кои се капитализираат преку пензиските фондови како отворени инвестициски фондови. Согласно член 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19 и 31/20), правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Тековната поставеност на интегралниот систем на задолжително пензиско осигурување, односно конкретната архитектура и дизајн, се воспостави во 2001 година и по одложувањето на почетокот на реформата во следниот период, истата започна и конкретно да се реализира на 1.1.2006 година. Во основа, законодавецот, имајќи ги предвид економските и демографските фактори, компаративните искуства на сличните модели во Европа и светот базирани на т.н. Модел на Светска банка и нужноста да ги управува соодветните ризици, одлучи да креира нов систем, во кој пензиските осигуреници имаат различни обврски и одговорности, врз основа на нивната возраст. Конкретно, осигурениците со повисока возраст и пензиски стаж имаат поволност и оправданост да бидат осигуреници само во првиот столб, за разлика од осигуренците со пониска возраст кои имаат можност да имаат адекватен временски хоризонт за капитализација на сопствените средства и на тој начин да остварат право на комбинирана пензија. При воведување на моделот на повеќестолбен систем, иманентна е карактеристиката на диференцијација на обврските и правата на осигурениците, дефинирани на концептот на поволност и генерирање на повисоки права како резултат на атрибутите на кохортите на осигуреници, а на макро ниво, во остварувањето на стабилен, одржлив, сеопфатен и прифатлив интегрален пензиски систем. Во таа насока поставените параметри при воведувањето на повеќестолбен систем од аспект на процент на придонес од плата и заменски стапки за пензија значеше долгорочна стабилна проекција за пензиско осигурување.

Исклучително значајно, условите за стекнување со право на старосна пензија се исти за сите осигуреници во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, како за тие кои се во првиот пензиски столб така и за членовите на задолжителните пензиски фондови, односно осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

Вкупната стапка по која се пресметува и плаќа придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.142/2008, 62/2009, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 8/15, 20/15, 48/15, 75/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 245/18), во 2020 година изнесува 18,8%, при што 12,8% се уплаќаат во првиот пензиски столб и 6% во задолжителните пензиски фондови во вториот пензиски столб, член 120 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Пресметката на пензијата за осигурениците во првиот пензиски столб се врши врз основа на заменските стапки дадени во член 228 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (дефиниран бенефит), додека членовите на задолжителните пензиски фондови во вториот пензиски столб пензија добиваат еден дел од првиот пензиски столб пресметана според заменските стапки дадени во член 34 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и другиот дел од вториот пензиски столб која се пресметува и исплаќа согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 147/15 и 30/16).
Според основните одредби на Уставот на Република Северна Македонија, покрај другото, Република Северна Македонија е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Со член 8 став 1 точка 8 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се меѓу другите и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Со цел да се остварат овие уставни претпоставки, во член 34 од Уставот се гарантира правото на граѓаните на социјална сигурност и социјално осигурување кои се утврдуваат со закон и со колективен договор.

Оспорените одредбите од член 22 и член 23 од Законот за задолжително капитално финансирано осигурување, се во согласно со Уставот на Република Северна Македонија, поточно овие одредби се во согласност со член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување на начин утврден со закон и со колективен договор. Дотолку повеќе, овие одредби од Законот се во согласност со член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Во контекст на содржината на член 34 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија, законодавецот со оспорените одредби од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување го уредува опфатот на осигурениците во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, тргнувајќи од аспект на поволност на нивното членство во вториот пензиски столб и социјалната праведност на сите осигуреници од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Имено, одредбите од законот чија што уставност е предмет на иницијативата се донесени на основа на долга и длабока анализа на членството во вториот пензиски столб. Ваквите анализи беа иницирани од многуте претставки до Народниот правобранител на Република Северна Македонија поднесени од страна на членови во вториот пензиски столб и судските пресуди со кои се поништуваше членството на членови кои се стекнаа со право на старосна пензија од двостолбниот пензиски систем. Овие членови се соочија со значително ниски пензии од двостолбниот пензиски систем во споредба со пензијата која би ја добиле само од првиот столб. По повод дадените претставки, направена е детална анализа од страна на ангажирани надворешни консултанти и од страна на

институциите на системот во однос на исплатливоста на членството во вториот пензиски столб.

Се напоменува дека ваквата длабинска анализа се спроведе за првпат по почетокот на функционирањето на повеќестолбниот систем и беше клучна во детектирањето и детерминирањето на соодветните нормативни, системски, институционални и оперативни интерни и екстерни слабости и ризици, кои го нарушуваа функционирањето на интегралниот систем. Спроведените анализи од институциите на системот и ангажираните експерти покажаа дека иницијално нормираниот критериум за влез во комбинираниот систем, и во задолжителна и доброволна статусна форма, односно датумот на прво вработување, резултирало со членство на сигнификантен број на осигуреници во вториот пензиски столб, а за кои согласно фундаменталните системски елементи на капитално финансираното пензиско осигурување, истото не е поволно согласно нивната повисока возраст и лимитираниот период на капитализација на средствата.

Резултатите од анализите укажуваа дека сите членови родени пред 1967 година би добиле драстично пониска пензија од пензијата која би ја добиле како осигуреници во првиот пензиски столб. Дополнително е утврдено дека членовите и да останат во вториот пензиски столб согласно нивната акумулација на средства на индивидуална сметка ќе им се исплатува минимална пензија која ќе треба да се надополнува од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, а по празнење на индивидуалната сметка на овие осигуреници Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ќе ја исплаќа пензијата до крајот на животот на осигуреникот. Тоа значи дека и да останеа осигурениците во вториот столб, повторно Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ќе мораше да продолжи со исплата на пензии за овие осигуреници до крајот на нивниот живот. Се работи за категорија на возрасни осигуреници за кои членувањето во вториот пензиски столб е неповолно поради краткиот период за акумулација на средства на индивидуална сметка од уплата на придонес и нивно оплодување од инвестирање. Имено, вториот столб функционира по принципот на дефинирани придонеси, односно капитализација на средствата од придонес, за што е потребно уплата на придонес согласно растот на платата и редовност на уплата на придонес во текот на работниот век и подолг период на инвестирање на средствата заради нивно оплодување и обезбедување на адекватна и достоинствена пензија и пензија која нема да биде пониска споредбено со пензијата која членот би ја добил како осигуреник само од првиот пензиски столб. Моделот на дефинирани придонеси подразбира дека исплата на пензија зависи од висината на придонесот кој се уплатува, редовноста на уплата на придонесот и временскиот хоризонт за инвестирање и капитализација на придонесите, односно вкупно акумулираните средства на индивидуалната сметка на членот. За возрасната категорија на осигуреници промените на поставените параметри покажаа ризик дека краток е работниот век од нивното зачленување во вториот столб до пензионирање и со тоа пократок е и рокот за инвестирање и оплодување на средствата.

Анализите утврдија и соодветни повреди на владеење на правото, како резултат на интерни слабости и екстерни интервенции во набљудуваниот период. Конкретно, беше утврдено дека дефинираниот критериум за влез во повеќестолбниот систем,

фреквентните измени на законската регулатива, намалувањето на висината на придонесите за задолжително пензиско осигурување и за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, воведување на различни законски решенија за активни мерки за вработување со кои се ослободуваат работодавачите за пресметка и плаќање на социјалните придонеси за вработените, сериозните недостатоци во евиденцијата на работниот однос на работниците и можности за минимални уплати за придонеси дури и за скратено работно време, влијанието на бенефицираниот стаж во пензискиот стаж, посебен третман на одредени технолошки индустриски развојни зони за привлекување на странски инвестиции, како и зголемувања на пензии итн. резултирало со сериозни нарушувања и нестабилност на системот, укинување на правата на дел од осигурениците и неповолен статус и положба на дел од осигурениците. Сите овие фактори попратени со стареењето на населението во Република Северна Македонија сигнификантно ги зголемија ризиците во системот и имплицираа структурни прилагодувања во пензискиот систем. Конкретно, предложените мерки, кои дел од нив се преточија во соодветните законски решенија, значат реституција на владеењето на правото и креирање на јасни, прецизни, предвидливи и одржливи законски решенија, поволни и за организаторот и институциите на системот и за осигурениците.

Институциите во системот постојано ја ажурираат базата на податоци за членовите и ги разгледуваат ризиците во системот од аспект на акумулација на средства како членување, инвестирање, придонес и надоместоци, така и од аспект на деакумулација како анализа на заменски стапки и производи за исплата на пензија. Преодните одредби од член 22 и член 23 од Законот не се на штета на осигурениците, бидејќи враќањето на повозрасните осигуреници родени пред 1967 година од вториот пензиски столб во првиот пензиски столб значи соодветна и пореална пензија за членовите од вториот пензиски столб, со што се обезбедува правичност меѓу осигурениците од првиот и вториот пензиски столб.

Конкретно, измените на заменските стапки за осигурениците во првиот и вториот столб се направи врз основа на определбата за адекватност на пензиите и соодветно прилагодување на висината на пензиите на осигурениците од првиот столб и осигурениците од комбинираниот систем (прв и втор столб). На тој начин, апликацијата на новите законски решенија имаа за цел и резултираа со поволен статус на осигурениците кои извршија трансфер назад во првиот столб и осигурениците кои останаа во комбинираниот систем (прв и втор столб) кои ќе остварат повисоки пензии. На тој начин, законодавецот се водеше исклучиво од концептот на генералната поволност на осигурениците. Во овој контекст, се напоменува дека не постојат идентични модели (дизајн на систем) на пензиски системи во Европа. Пензиските модели се слични во архитектурата, но дизајнот на системот е нужно партикуларно поврзан со националните елементи на соодветните економски, политички и демографски системи.

Во однос на наводите на иницијативата дека е прекршено начелото на почитување на договорот за членство, истакнуваме дека согласно член 58 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16 и 21/18), осигурениците кои прв пат по 1 јануари 2003 година пристапиле

во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, согласно со член 118 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, должни се да се зачленат и да плаќаат придонеси во задолжителен пензиски фонд по сопствен избор се додека имаат својство на осигуреник во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Овие осигуреници не склучуваат договор во однос на нивното пристапување во системот на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, бидејќи членувањето е задолжително по закон, додека со договор се избира задолжителен пензиски фонд со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски. Во системот од самиот почеток до денес, се уште е изразено висок бројот на осигуреници кои немаат потпишан договор за членство со избраниот или распределениот задолжителен пензиски фонд, во што државата не претставува исклучок и од останатите и слични пензиски системи, кои се соочуваат со идентичните проблеми. Сепак одреден број на членови и покрај тоа што немаат договор со одреден пензиски фонд се свесни дека преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија се распределени во соодветен пензиски фонд кои ги задоволува нивните критериуми и понатаму ги следат нивните индивидуални сметки и редовно добиваат извештаи за пензиска заштеда преку зелен плик кои им се доставува на нивна лична адреса на живеење или на лична електронска порака. Понатаму членовите имаат право доколку сакаат да направат трансфер во друг задолжителен пензиски фонд и да потпишат договор за трансфер односно пренос на средства во друг задолжителен пензиски фонд. За разлика од нив, осигурениците кои се вработени пред 1 јануари 2003 година имаа право да изберат да се вклучат во двостолбниот систем и да станат доброволни членови на задолжителните пензиски фондови и тие се опфатени со член 22 став (2) од предметниот Закон, односно истите, адекватно на доброволноста при влезот на системот, се стекнаа со право во рок од 9 месеци да се изјаснат за личното право на избор за да го продолжат или прекинат членството во вториот пензиски столб, почитувајќи го на овој начин изразената волја и согласност за пристапување во системот.

Со член 22 и член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/2018) не се предвидува ретроактивна примена на законот, бидејќи законот е донесен на 28.12.2018 година и се применува после неговото донесување и влегување во сила односно од 1 јануари 2019 година. Согласно одредбите на членовите 34 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија, Републиката обезбедува пензиско осигурување за своите граѓани во пензиски систем кој е повеќестолбен но меѓусебно поврзан и во уплатата на процентите на придонес и во исплата на пензија кога ќе се исполнат законските услови за старосна пензија, а тоа се 15 години работен стаж, 62 години возраст за жени и 64 години возраст за мажи. Правото на пензиско осигурување за осигурениците е комбинирано од повеќестолбен пензиски систем кои се надополнуваат меѓусебно и ќе се применува подеднакво при исполнување на законските услови за старосна пензија. Регулативата јасно наведува дека две старосни пензии не може да се исплатува на лице што уплаќа за пензиско осигурување кога ќе ги исполни законските услови.

Во однос на наводот во иницијативата дека при измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување не е земено предвид

членувањето на странски државјани кои засновале работен однос на територијата на Република Северна Македонија, согласно одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кои се регулира опфатот на осигуреници во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување е пропишано дека задолжително се осигуруваат и странските државјани и лицата без државјанство кои на територијата на Република Северна Македонија се вработени кај работодавач или се самовработени лица. Имено измените во законите беа правени истовремено и беа опфатени повеќе аспекти на пензиското осигурување и во измените има еднаков третман на правата на уплатувачите на пензиско осигурување на територијата на Република Северна Македонија.

Наведените законски одредби кои се однесуваат на опфатот на осигуреници во задолжително пензиско и инвалидско осигурување и оние со кои се уредува членството во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување не прават разлика меѓу државјани на Република Северна Македонија и странски државјани кои имаат заснован работен однос во Република Северна Македонија. Сите осигуреници кои засновуваат работен однос во Република Северна Македонија и со тоа се стекнуваат со статус на осигуреници во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, следствено и согласно законските прописи за пристапување стануваат членови во задолжителен пензиски фонд во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување. Поради ова се смета дека странските државјани не се ставени во нееднаква и понеповолно положба во однос на македонските државјани туку напротив во еднаква и поволна положба како корисници на пензиско осигурување. Со член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 245/2018), членството во задолжителниот пензиски фонд им престанува на сите осигуреници родени пред 1 јануари 1967 година кои се задолжително опфатени во членство во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, како категорија на осигуреници за кои е утврдено дека со оглед на возраста не е поволно да бидат членови во вториот пензиски столб поради промените на поставените основни параметри во системот и краткиот период за акумулација на средствата од уплатениот придонес, имајќи предвид дека пензиското и инвалидското осигурување претставува долгорочно осигурување. Се смета дека со спорните одредби од Законот на кои се повикува подносителот на иницијативата, не се прави различен третман меѓу државјаните на Република Северна Македонија и странските државјани во однос на користењето на правата од социјално осигурување по основ на работен однос, односно подеднакво се постапува со сите осигуреници кои имаат засновано работен однос во Република Северна Македонија, додека евентуалното склучување на договор за социјално осигурување со странска држава ќе значи меѓусебно признавање на правата кои произлегуваат од социјално осигурување и собирање на навршените периоди на стаж на осигурување на териториите на двете држави договорнички. Имено Владата преку Министерството за труд и социјална политика во континуитет поведува иницијативи за склучување на договор за меѓусебно признавање на социјалното осигурување со странски држави согласно кои се регулираат и признаваат правата на нашите државјани во странство, како и на странските државјани на работа во нашата земја.

Дополнително се истакнува дека Владата преку Министерството за труд и социјална политика и институциите во системот и понатаму ќе ги почитува одредбите на член 34 и член 35 од Уставот на Република Македонија и понатаму ќе продолжи да дава нови предлози во реформираното пензиското осигурување кое е се уште младо, но специфично и уникатно во секоја држава и преку анализа на податоците за осигурениците и нивните плати, придонеси и пензии со цел социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Врз основа на изнесеното, се смета дека оспорените одредби на член 22 и 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 245/2018) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата и да не поведе постапка за оценување на уставноста на членови 22 и 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

**Точка 33**

Владата по Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска го усвои новото Известување од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.953 за КО Бутел, КП бр.5047 викано место/улица Хо Ши Мин и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И бр.627/2019, која ќе се одржи на 22 октомври 2020 година, за КО Долно Лисиче-вонград и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, како и новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

1. Владата го избра Владимир Робановски за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М – НАВ), АД Скопје.

2. Владата го разреши Пеце Мирчески од должноста директор на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Северна Македонија.

2.1. Владата го именува Пеце Мирчески за директор на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Северна Македонија, досегашен директор на Службата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Локман Лимани од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

4. Владата го разреши Висара Риза од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

4.1.Владата го именува Љирим Шабани за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Сашо Тасевски од должноста директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

5.1. Владата го именува Сашо Тасевски за директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи, за време од четири години, досегашен директор на Бирото за јавна безбедност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, на предлог на министерот за финансии, за време од четири години.

7. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од

македонскиот јазик, за именување 3 (три) неизвршни членови на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија.

8. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

**Точка 38**

**1.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник – 23 Октомври - „Ден на македонската револуционерна борба“ заклучи:

1) Делегација во состав:
-д-р Димитар Ковачески, заменик на министерот за финансии,
- Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и
-Стојанче Ангелов, Национален координатор за воени и полициски ветерани, да присуствува на положување на цвеќе во Скопје на 23 октомври 2020 година во 10:30 часот на споменикот Гоце Делчев - Градски Парк – Скопје.

2) Делегација во состав:
-д-р Ирена Стефоска, министер за култура и
- Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка, да присуствува на положување на цвеќе во Богомила на 23 октомври 2020 година во 11:30 часот во спомен куќата на Петар Поп Арсов – Богомила.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди свежо цвеќе за делегациите според спецификација обезбедена од протоколот, и цветно уредување на споменикот на Гоце Делчев во Градски парк.
Воедно да обезбеди и средства за дезинфекција, маски, 100 шишиња флаширана вода, 2 маси, јажиња со столпчиња за двете локации.

4) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи и да обезбеди опрема за положување на свежо цвеќе (тепих, сталаци, држачи, македонски знамиња) за двете локации.

5) Се задолжува Службата за протокол на Влада на Република Северна Македонија да го покани државниот врв и дипломатскиот кор, подготви пресеанс листа и да го координира положувањето свежо цвеќе.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности за да обезбеди непречено одбележување на празникот на двете локации.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за

давање на овластување на адвокатската куќа Lalive која ја застапуваше Република Северна Македонија во арбитражната постапка во предметот ICC arbitration Case No. 13176/FM да ги достави сите документи од овој предмет до адвокатската куќа Dechert (Paris) LLP која ја застапува Република Северна Македонија во Предмет под ICC Case No.24112/GR на тужителот ЕЛ.ПЕТ. Балканики, сосиете аноним петролеум против Република Северна Македонија како тужена страна, ја усвои Информацијата и го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во име на Владата на Република Северна Македонија да издаде овластување на адвокатската куќа Lalive Switzerland, со кое оваа адвокатска куќа, на адвокатската куќа Dechert (Paris) LLP ќе и ги предаде сите податоци и документација која адвокатската куќа Lalive Switzerland ги поседува во предметот ICC arbitration Case No. 13176/FM и кои податоци и документација се потребни за подготовка на успешна одбрана на Република Северна Македонија во предмет под број ICC Case No.24112/GR.

**3.** Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за повлекување од собраниска постапка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Барањето за мислење поднесено од Агенцијата за електронски комуникации, под број 0507-2654/1 од 30.9.2020 година и заклучи дека Агенцијата за електронски комуникации нема обврска да бара мислење од Националниот совет за Информациски и комуникациски технологии и сајбер безбедност, за технички спецификации на тендерски документации каде што предмет на набавка е ИКТ опрема и/или софтвер, чија што вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност, со оглед на тоа дека Агенцијата за електронски комуникации е регулаторно тело кое е независно во своето работење.

Истовремено, Владата заклучи истото да се однесува и за сите регулаторни тела.

**5.** Владата го утврди Предлогот на закон за фитофармација и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереник Александар Диље, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Истовремено, Владата го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за фитофармација, што е доставен под број 44-8845/1 од 27 септември 2020 година.

**6.** Владата се информираше со Акцискиот план за спроведување на мерките од четвртиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID-19 и ги задолжи надлежните институции одговорни за спроведување на

активностите од Акцискиот план, во своите ресори, навремено да постапуваат по обврските од истиот, со цел запазување на роковите за имплементација на мерките.

**7.** Владата заклучи Информацијата за потребата од донесување на одлуки за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на човекот, да се разгледа на наредната редовна седница на Владата, поради потребата Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање да одржи координативен состанок со доц. д-р Венко Филипче, министерот за здравство во однос на ова прашање.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 7 октомври 2020 година до 13 октомври 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и прифати Барањето за измена на Заклучокот од точка 36 став 2 од Нацрт – записникот од Единаесеттата седница на Владата одржана на 13 октомври 2020 година, а во врска со прашањето за примена на Законот за употреба на јазиците во делот на двојазично подготвување на законите од страна на ресорните министерства и нивно понатамошно доставување во владина и собраниска постапка и истиот да се измени и да гласи:

- „Истовремено, Владата ги задолжи сите министерства при подготвување на предлог-законите и нивно доставување во владина постапка истите да ги подготвуваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо, откако Владата ќе заземе став врз основа на предлогот што ќе го достави Генералниот секретаријат на Владата, во унифицирана форма за сите институции согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за државни патишта за периодот, април - јуни 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 40

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на „Железници на Република Северна Македонија – Транспорт“, А.Д. – Скопје, за период од 1 април до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на „Железници на Република Северна Македонија – Транспорт“ А.Д. – Скопје при планирањето на наредните активности за подобрување

на состојбата на Акционерското друштво, претходно да се одржат консултативни состаноци со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии.

### Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација", со прилозите, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот од 155-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2019 година, со кој е задолжено Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ", АД Скопје да доставува информации за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација".

### Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со услугите кои имаат карактер на парафискални давачки во надлежност на Министерството за транспорт и врски, а кои се мапирани во Експлоративната анализа на парафискални давачки за малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

### Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување онлајн Конференција на министри за внатрешни работи и онлајн состанок на Управна група за преземени обврски од обласла на безбедноста во рамки на Берлинскиот процес (нов текст), како материјал за информирање.

### Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија за 2017 година, како материјал за информирање.

### Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јануари – јуни 2020 година), како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решение за измена и дополнување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и заклучи Министерството за култура да подготви Решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија чиј состав потребно е да се дополни со член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерот за транспорт и врски, кое се смета за донесено на оваа седница на Владата.

Исто така, доколку дополнувањето на членовите на Националната комисија повлекува измена на Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија, истата да се подготви од Министерството за култура и да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 47

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за мислењето на Министерството за финансии за потребата од спроведување на постапка за јавна набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот и за обезбедувањето на финансиска гаранција за плаќање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки, во соработка со Министерството за здравство, да предложат начин на кој да се реализира Договорот за набавка на вакцини за COVID-19, имајќи го предвид статусот на Гави Алијансата за вакцини и COVAX механизмот и значењето на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди финансиска гаранција на износ од 7.457.140 американски долари преку банка во Република Северна Македонија, која во име и за сметка на државата ќе издаде финансиската гаранција, а ќе ја потврди друга финансиска институција од друга држава со кредитен рејтинг во странска валута од Baa2/BBB/BBB (Moody’s/Fitch/S&P) или да се изнајде друг соодветен начин за надминување на ова прашање.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Акционерското друштво „Медиумска информативна Агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи, по однос на донесената одлука за просторно сместување за Државниот инспекторат за животна средина, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, човечки ресурси и одржлив развој, да оствари комуникација со директорот на Државниот завод за ревизија, со цел надминување на сегашната ситуација со просторно сместување на Државниот инспекторат за животна средина.

Исто така, Владата ги задолжи Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата и Тахир Хани заменик на генералниот секретар на Владата, да се вклучат во паралелно изнаоѓање на простор за времено сместување на Државниот инспекторат за животна средина.

## Точка 51

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 22 октомври 2020 година, поради потребата текстот на Законот предлагачот да го усогласи со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Секретаријатот за законодавство.

Исто така, по Законот да се направат консултации со коморите и синдикатите.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проект „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА 2 Годишната програма на активности за Република Северна Македонија за 2020 година и притоа ги донесе следниве заключоци:

1. Ја усвои Информацијата за реализација на проект „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА 2 Годишната програма на активности за Република Северна Македонија за 2020 година .

2. Владата одобрува кофинансирање на Проектот „ЕУ за општините“ во рамките на ИПА II Годишната програма на активности за Република Северна Македонија – буџетски корисник Министерството за локална самоуправа, во вкупен износ од 600.000 евра за три наредни последователни фискални години, во три подеднакви транши од по 200.000 евра, почнувајќи од 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа износот од 600.000 евра да го планира во буџетските барања за секоја фискална година и квартално да ја известува Владата за реализацијата на Проектот.

4. Се задолжува кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања да достави известување до Делегацијата на Европската Унија за одлуката на Владата на Република Северна Македонија за одобрување на средствата за кофинансирањето на проектот „ЕУ за општините“.

<u>Точка 53</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт и врски да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Министерството за транспорт и врски да изврши усогласување со Министерството за здравство (во однос на постапката за издавање на решение за изведување, односно поставување на модуларни градби или група од модуларни градби, наменети за вршење на здравствена дејност).

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев